УЖ.бр.1075/2012

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД, во совет составен од судиите: Лидија Каначковиќ - претседател на советот, Загорка Тноковска Светлана Костова - членови на советот, со записничар Верица Гавровска - Петровска, судски соработник, одлучувајќи по жалбата на тужителот Република Македонија Министерство за внатрешни работи, изјавена против Пресудата на Управниот суд У.бр.5134/2009 од 24.01.2012 година, за заштита на личните податоци, на седница одржана на ден 08.11.2012 година, донесе

П Р Е С У Д А

Жалбата на Република Македонија Министерство за внатрешни работи, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Пресудата на Управниот суд У.бр.5134/2009 од 24.01.2012 година, СЕ ПОТВРДУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со пресуда У.бр.5134/2009 од 24.01.2012 година, тужбата на тужителот Република Македонија Министерство за внатрешни работи, против Решението на Дирекцијата за заштита на личните податоци број 07-870/4 од 21.08.2009 година, ја одбил како неоснована.

Против Пресудата на Управниот суд жалба изјави тужителот, поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право со предлог жалбата да се уважи, пресудата се укине и предметот се врати на повторно одлучување пред Управниот суд.

Тужениот орган достави одговор на жалба во која наведува дека жалбата е неоснована и истата треба да се одбие од причини што правилно и целосно е утврдена фактичката состојба од страна на Дирекцијата за заштита на личните податоци и на основа правилно утврдената фактичка состојба Управниот суд донел законита одлука.

Вишиот управен суд, по извршениот увид во списите на предметот и наводите во жалбата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 354 став 1 од Законот за парнична постапка најде:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВИШ УПРАВЕН СУД IV СКОПЈЕ

Жалбата е неоснована.

Со Решение на Директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци број 07-870/4 од 21.08.2009 година, се забранува на Министерство за внатрешни работи да го обработува матичниот број на граѓаните при влез во службените простории на министерствата и другите државни органи од денот на приемот на решението. Во ставот 2 од истото решение, е наведено дека се задолжува Министерство за внатршни работи да превземе дејствија и активности за отстранување на повредите утврдени со записник бр.07-870/1 од 24.07.2009 година за извршен вонреден инспекциски надзор над законитоста на превземените активности при обработувањето на личните податоци и нивната заштита и тоа: 1. Законски да ја регулира обработката на личните податоци на граѓаните при влез во службените простории на министерствата и другите државни органи, како и да ја утврди формата и содржината на евиденцијата на граѓаните кога ќе влезат во службените простории на министерствата и другите државни органи. Рок 31.12.2009 година; 2. да ги запознае вработените во Министерството за внатрешни работи кои работат во пријавниците на министерствата и другите државни органи со начелата на заштита на личните податоци. Рок 30 дена од денот на приемот на ова решение. За превземените дејствија и активности по решението, задолжени се писмено да ја известат Дирекцијата за заштита на личните податоци, во рок од осум дена по истекот на секој одделен рок наведен во диспозитивот на решението.

Вака утврденото е откога претходно овластените лица за вршење на инспекциски надзор извршиле вонреден инспекциски надзор во пријавницата што се води од страна на Министерство за внатрешни работи во службените простории што се сместени во НИП „Нова Македонија“. При тоа било утврдено дека се води евиденција на граѓаните кога ќе влезат во службените простории на министерствата и другите државни органи, со тоа што се обработува матичниот број на граѓаните кога ќе влезат во службените простории без да постои законски основ и што не е во согласност со член 5 став 1 алинеја 1 и 2 и со членот 9 од Законот за заштита на личните податоци. Исто така било утврдено дека вработените во Министерство за внатрешни работи кои работат во пријавниците на министерствата и другите државни органи не се запознаени со начелата за заштита на личните податоци, што не било во согласност со член 24 од Законот за заштита на личните податоци. Врз основа на така утврденото било донесено наведеното решение.

Управниот суд одлучувајќи по тужбата на тужителот Република Македонија Министерство за внатрешни работи, истата ја одбил како неоснована прифаќајќи го утврденото и наведено во Решението на

Дирекцијата за заштита на лични податоци како основано и наоѓајќи дека е повредено правото на личните податоци на граѓаните.

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е правилна и законита и со истата не е повреден законот на штета на тужителот.

Согласно член 1 од Законот за заштита на лични податоци („Службен весник на Република Македонија“ број 7/2005, 103/2008), се уредува заштитата на личните податоци како основни слободи и права на граѓаните, а особено правата на приватност во врска со обработка на лични податоци.

Согласно член 2 став 1 точка 1 од истиот закон, “личен податок“ е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува, а лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на единствен матичен број на граѓанинот или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, ментален, економски, културен или социјален идентитет, додека според точката 4 од истиот став, „субјект на лични податоци“ е секое физичко лице на кое се однесуваат обработените податоци. Во точка 8 од истиот член и закон, е наведено дека „корисник“ е физичко или правно лице, државен орган или друго тело на кое му се откриваат податоците, заради извршување на редовни работи во согласност со закон.

Согласно член 6 став 1 од истиот закон, обработка на лични податоци може да се врши само по претходно добиена согласност на субјектот на лични податоци.

Согласно член 8 став 1 од наведениот закон, забранета е обработка на посебните категории на лични податоци, додека ставот 2 ги регулира случаите кога може по исклучок да се врши обработка на посебните категории на личните податоци. Согласно точка 9 од член, „согласност на субјектот на лични податоци“ е слободно и изречно дадена изјава на волја на субјектот на лични податоци со која се согласува со обработката на неговите лични податоци за однапред определени цели.

Во конкретниот случај од увидот на списите во предметот се утврди дека со тоа што во пријавниците во зградите во кои што се сместени службените простории на министерствата и другите државни органи, вработените во Министерство за внатрешни работи, воделе евиденција на граѓаните кога ќе влезат во службените простории ги обработувале матичните броеви на граѓаните, постапиле спротивно на одредбите на Законот за заштита на личните податоци. Од друга страна, вработените во Министерство за внатрешни работи кои работат во пријавниците на министерствата и другите државни органи, не биле запознаени со начелата за заштита на

личните податоци, што е спротивно на член 24 од Законот за заштита на личните податоци. Вака утврденото е на основа извршен вонреден инспекциски надзор од страна на Дирекцијата за заштита на лични податоци, за што е составен записник и донесено решение за утврдените неправилности при што е постапено во согласност со член 58 од Законот за заштита на личните податоци.

Овој суд најде дека правилно одлучил Управниот суд кога тужбата на тужителот ја одбил како неоснована, прифаќајќи дека Дирекцијата за заштита на личните податоци, на основа правилно утврдена фактичка состојба донела законито решение со кое се утврдени неправилности во обработката на матичниот број на граѓаните од страна на Министерство за внатрешни работи.

Вака утврденото го прифаќа и овој суд, поради што најде дека жалбата на тужителот е неоснована, а одлуката на Управниот суд правилна и законита.

Неосновани се наводите изнесени во жалбата на тужителот, а имено дека како орган на државната управа кој се грижи за безбедноста на државните институции и органи од неовластен пристап на лица однадвор, се одлучил за задржување на исправите за идентификација и обработка на личните податоци, односно нивно запишување во регистарот на лица кои престојувале во обезбедениот објект, како најефикасен начин на обезбедување на објектот и лицата кои престојуваат и работат во него, како и тоа дека субјектот со тоа што го предавал документот за идентификација на полицискиот службеник дал претходна согласност да му се обработуваат личните податоци. Ова од причини што, единствениот матичен број на граѓаните е личен податок и независно од тоа што тој личен податок го создал Министерство за внатрешни работи истиот не може да го користи без претходна согласност на имателот на тој податок, без разлика дали истиот ќе го обработува или не. Од друга страна доброволното давање на документот за идентификација не значи и согласност на лицето за обработка на неговите лични податоци. За да постои таква согласност потребно е да постои изречно дадена изјава на волја на субјектот на лични податоци со која се согласува со обработката на неговите лични податоци за однапред определени цели. Во конкретниов предмет немаме таква правна ситуација, ниту пак постои некои од останатите случаи предвидени од член 9 од Законот за заштита на личните податоци. Со тоа што тужителот ги евидентирал граѓаните кога ќе влезат во службените простории на Министерствата и другите државни органи, на начин што ги запишувал нивните единствени матични броеви во регистарот на лица кои престојувале во обезбедуваниот објект, постапил спротивно на одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

При ваква фактичка и правна состојба на работите Вишиот управен суд најде дека со пресудата на Управниот суд не е повреден законот на штета на тужителот, поради што жалбата ја одби како неоснована и одлучи како во изреката на пресудата, а согласно член 357 од Законот за парнична постапка.

Пресудено во Виш управен суд на ден 08.11.2012 година под УЖ.бр.1075/2012.

Записничар-судски соработник
Верица Гавровска- Петровска с.р.

Претседател на совет-Судија
Лидија Каначковиќ с.р.

/ЛС

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува
УПРАВИТЕЛ НА СУДСКАТА ПИСАРНИЦА